**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 14.07.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3209 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 и 142/16), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2016 до 31.12.2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 13.07.2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (телевизиските радиодифузери кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво, тогаш кога е изводливо и со соодветни средства треба да обезбедат најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела при што не се смета времето одвоено за вести, спортски настани, игри, рекламирање, телетекст и телешопинг услуги).

- **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

  (Во согласнот со член 91 став 3 од Законот, во член 6 од Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, е предвидено дека - телевизиските програмски сервиси кои за прв пат ќе добијат дозвола за телевизиско емитување на државно ниво по стапувањето на сила на овој Правилник (6 декември 2014 година), обврската за застапеност на европски аудиовизуелни дела, ја исполнуваат прогресивно, во период од 5 години, така што: првата година процентот на застапеност на европски аудиовизуелни дела треба да изнесува најмалку 10%, а во втората, третата и четвртата година, процентот на застапеност на европски аудиовизуелни дела треба да се зголемува по најмалку 10% годишно, а петтата година треба да биде најмалку 51%).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје дозволата за радиодифузно емитување како сервис со претежно забавен општ формат ја има добиено на 30 март 2015 година, а започна со работа есента 2015 година. Оттаму, изминатата 2016 година, беше прва година од добиената дозвола и затоа обврската за емитување европски аудиовизуелни дела во 2016 година, согласно Правилникот, изнесуваше 10%.

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на државно ниво, е **констатирано дека во текот на 2016 година, ја исполни обврската од член 91 став 1 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 6 од Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, најмалку 10% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела.

Од доставените Обрасци за европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти (наш број 03-1821/1 од 31.03.2017 година и 03-1821/2 од 03.05.2017 година), беше констатирано дека Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, во текот на 2016 година, има емитувано **85,13% европски аудиовизуелни дела.**

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***